# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 3 година XXXVI



# Ослободување од партиципација за лица со попреченост над 26 годишна возраст

Основно барање на РЦПЛИП – ПОРАКА во областа на здравствената заштита и осигурување во изминативе 20 години беше државата да обезбеди бесплатна здравствена заштита, лекување, третмани и лекови за сите лица со интелектуална попреченост, без ограничување на возраста на 26 години.

После голем број активности за застапување (вклучувајќи поднесена иницијатива во 2013 година до Уставниот суд за оценување на уставноста на ограничувањето на ослободување од партиципација при користење на здравствени услуги само за деца со попреченост до 26 годишна возраст), конечно на 18 јули 2023 година, Собранието на Република Северна Македонија усвои измена на Законот за здравствено осигурување со која се овозможува возрасните лица со интелектуална попреченост да користат здравствени услуги без обврска за плаќање на партиципација.

**РЦПЛИП - ПОРАКА ги повикува сите надлежни институции во најкраток можен рок да ја утврдат постапката за ослободување од партиципација за лицата со попреченост над 26 годишна возраст и со тоа да овозможат непречено остварување на оваа законска измена која е од голема важност за возрасните лица со интелектуална попреченост.**

Службен весник на РСМ, бр. 154 од 20.7.2023 година
**20231542756**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 18 јули 2023 година.

Бр. 08-3792/1
јули 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р Talat Xhaferi, с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 77/21, 285/21 и 60/23), во член 34 став 1 алинејата 2 се менува и гласи:

„- осигурените лица со попреченост, според прописите за детска заштита и социјална заштита,“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

***СОДРЖИНА***


2 страна - **Ослободување од партиципација за лица со попреченост над 26 годишна возраст**

3 и 4 страна - **Активности во проектот Интеркултурно учење за сите**

5 страна - **Владата додели 160 таблети на институции и организации - Конференција „Социјалната работа и социјалната политика во време на глобални кризи“**

6 и 7 страна - **Активности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**

7 страна - **Активности на ЕАСПД**

8, 9 и 10 страна - **Интервенција во раното детство насочена кон семејството: како да профункционира**

11 страна - **Активности на Европската унија**

12, 13, 14 и 15 страна - **Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА**

16 страна - **Заклучоци од работилниците за ненасилна комуникација**



***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Септември 2023 г. Број 3, год. XXXVI**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креатив ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци



Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk



**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

# Активности во рамките на проектот „Интеркултурно учење за сите“

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА во соработка со здружението „На пола пат“ од Србија и СУМЕРО од Босна и Херцеговина започнаа со спроведување на проект со наслов „Интеркултурно учење за сите“ во јануари 2023 година. Проектот се заснова на долгогодишното искуство на трите партнер организации во областа на социјална инклузија, развој на вештини за лица со интелектуална попреченост во однос на окупациона терапија, креативност, вештини за само-застапување, интеркултурно учење и толеранција. Главната цел на проектот предвидува активно учество на лица со интелектуална попреченост како само-застапници кои ги надминуваат стереотипите, предрасудите и бариерите преку интеркултурно учење и придонесуваат за добрососедските односи во регионот и социјалната и културната соработка. Воедно со проектот се предвидува да се даде придонес за регионалната соработка преку вклучување на лица со интелектуална попреченост во интеркултурен дијалог, промовирање на нивната интеграција, воспоставување на врски помеѓу луѓето воопшто.

Предизвиците кои се опфатија во проектот „Интеркултурно учење за сите“ се однесуваа на недостигот на можности за лицата со интелектуална попреченост да земат активно учество во интеркултурниот дијалог, добрососедските односи и поврзаноста со врсниците од другите земји. Социјалната инклузија на лицата со интелектуална попреченост иако е високо промовирана во агендите на сите земји од Западен Балкан, во реалноста недостасува нејзината имплементација. Поради интелектуалната попреченост, оваа група на лица е дополнително ранлива, дури и во рамките на маргинализираната група на лица со попреченост, што пак придонесува за продлабочувањето на нивната исклученост од редовните текови во општеството.

Токму затоа имплементацијата на проектните активности придонесе за подобро разбирање и прифаќање на различноста помеѓу лицата со интелектуална попреченост од различни етнички и културни позадини, како и на персоналот кој работи во сервисни служби за лица со попреченост и нивните корисници. Истовремено, овозможи добар пример на соработка и почит за различноста, од гледна точка на самите лица со попреченост, како активисти и како модел за интеркултурно учење.



Изминатиов период редовно се реализираа предвидените проектни активности. Особен акцент беше даден на реализација на тематски работилници. Едукаторите и корисниците во сите дневни центри на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА активно беа вклучени во спроведување на работилниците на кои се обработуваа теми од областа на културата, традицијата и обичаите, како и теми од областа на ненасилна комуникација и јавен настап.

Работилниците од областа на културата, обичаите, традицијата беа прилично динамични и интересни за корисниците на дневните центри. На работилниците се говореше за културите на трите земји, нивните културни богатства, за сличностите и разликите во културите на овие народи. Се презентираа низа обичаи и различни традиции од македонскиот, српскиот и босанскиот народ.

Корисниците имаа можност да се запознаат со различните празници во православната и муслиманската вероисповед, како и со различните обичаи во нашите три земји. Една од работилниците беше посветена и на





## Партнерски активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

природните убавини и богатства на секоја од трите земји, а корисниците изработија и разгледници презентирајќи ги убавините на Македонија. На сличен начин се реализираа и работилниците посветени на ненасилната комуникација. На овие работилници корисниците имаа можност да се запознаат со клучните елементи на комуникацијата и видовите на комуникација. Понатаму, начините на разбирањето на емоции, особено лутината и како таа влијае на нас. На работилниците за јавниот настап, се разговараше за неговите елементи, како да се подготвуваме за јавен настап, а корисниците имаа можност да вежбаат јавно говорење пред другите корисници како публика.

Исто така, во изминатиот период се реализираа и низа кулинарски работилници. Корисниците на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА имаа можност да се запознаат со традиционалните јадења од трите земји, да поразговараат за сличностите и разликите во кујните и јадењата на Србија, Босна и Херцеговина и нашата земја.

Времетраењето на имплементацијата на проектот беше од јануари до крајот на септември 2023 година. За крај на проектот беа предвидени три завршни настани кои секоја од трите организации, учеснички во проектот, требаше да ги реализира во своите земји.



РЦПЛИП – ПОРАКА го организираше завршниот настан на проектот „Интеркултурно учење за сите“ на 27-ми септември 2023 година во Јавна соба, Скопје. На настанот учествуваа корисниците на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА со своите едукатори. Во текот на завршниот настан корисниците имаа можност да го презентираат стекнатото искуство од проектните активности. Преку однапред подготвени видео материјали од претходно одржаните работилници, презентации, како и останати материјали кои ги користеле во работилниците во своите дневни центри, корисниците имаа можност да го претстават сработеното во изминативе месеци. Тие говореа на темите кои беа опфатени на работилници што се реализираа во изминатиот период, и тоа: дискриминација, предрасуди и стереотипи за лицата со интелектуална попреченост, култура и обичаи, и ненасилна комуникација, а ги покажаа и своите кулинарски способности и вештини.

Дел од корисниците, пак, имаа можност да го претстават и наученото за време на кулинарските работилници. Тие со поддршка на еден од едукаторите подготвија сутлијаш, кој сите заедно на крајот од настанот имаа можност да го дегустираат.

Во текот на завршниот настан се презентираше и видео материјал во кој се говори за постигнатите цели во рамките на проектот, а лицата со интелектуална попреченост од Србија, Босна и Херцеговина и нашата земја, кои зедоа активно учество во активностите, говорат за своите впечатоци од реализацијата на проектните активности. Се презентираше и прирачникот за културите, дискриминацијата и ненасилната комуникација кој е наменет за водители на работилници од ваков тип и воедно ќе послужи да се прошират проектните активности и за други корисници.

Овој настан претставува и дел од активностите со кои се одбележува јубилејот – 60 години активно делување на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.

**Проектот „Интеркултурно учење за сите“ финансиски е поддржан од Фондот за Западен Балкан (WBF), со поддршка на Европската унија, во рамките на Повикот за поднесување регионални проекти „Поддршка за промоција на регионални активности на граѓанското општество“.**






**Преземен текст од www.vlada.mk**

# Доделени 160 таблети на институции и даватели на социјални услуги на национално и локално ниво низ целата држава

Владата на Република Северна Македонија на 178та седница донесе одлука за давање на трајно користење на 160 таблет компјутери на институции и даватели на социјални услуги на национално и локално ниво низ целата држава. На 13-ти септември, Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски, со особена чест и задоволство, во име на Владата на Република Северна Македонија, се сретна и официјално ги предаде таблет компјутерите на претставници на институциите за кои се наменети.

Со оваа донација се помага на социјално ранливите лица од различни возрасни групи да им се отвори вратата кон дигиталниот свет. Станува збор за донација на таблет компјутери, кои се донираат на над дваесет институции и даватели на социјални услуги, меѓу кои: ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје; Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА; Мал групен дом во Кавадарци, раководен од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Кавадарци; Центар за загрижувачки семејства во Битола, раководен од страна на ЈУ Мајчин дом во Битола; Дневен центар за Даунов синдром во Скопје, раководен од страна на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје; Дневен центар за лица со попреченост, раководени од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Струмица; Дневен центар за лица со попреченост, раководен од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во Куманово; Дневен центар за деца на улица во Шуто Оризари, раководен од страна на граѓанска организација Здружение за заштита на правата на детето – Скопје; Младинско здружение на глуви и наглуви „Млад Знак“ во Скопје и други.



**65 години од образованието по социјална работа и социјална политика**

# Меѓународна конференција „Социјалната работа и социјалната политика во време на глобални кризи“

Во периодот од 19 - 22 септември 2023 година, Институтот за социјална работа и социјална политика при Филозофскиот факултет одбележа 65 години од образованието по социјална работа и социјална политика со меѓународна конференција на тема „Социјалната работа и социјалната политика во време на глобални кризи“.

Над 130 гости од државата и од странство презентираа истражувања, практики и политики поврзани со социјалните одговори на глобалните кризи.

На конференцијата беа доделени и признанија и благодарници до професори од Институтот за социјална работа и социјална политика, како и до професори од странство кои придонеле за промоција на образованието и истражувањата во доменот на социјалната работа и социјална политика.

На покана на институтот, на конференцијата учествуваше м-р Владо Крстовски, програмски менџер на РЦПЛИП - ПОРАКА, со труд и излагање на тема „Социјални сервисни служби за лица со попреченост: политики, состојби и предизвици“.






## Активности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

# Дискриминација на дело: Лицата со попреченост не можат да влезат во судови, општини, министерства и други институции

**Лицата со попреченост во нашата држава честопати не можат да ги остварат своите граѓански права, затоа што голем дел од зградите на институциите во нашата земја немаат соодветна пристапност. Таков е примерот на Основниот суд во Крива Паланка, но тоа важи и за голем број други институции ширум земјата. Од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потсетија дека веќе имаат постапувано за да се спречи дискриминацијата кон лицата со попреченост, нагласувајќи дека се подготвени да делуваат и во сите останати случаи со цел да се заштитат правата на овие лица.**



„Пристапна патека имаме само до првиот кат, но не и кон другите катови од зградата. Тоа е директна дискриминација на лицата со попреченост кои не знаат каде да се обратат, бидејќи не можат да дојдат до местата и канцелариите каде што треба да го сторат тоа. Трета година по ред бараме од државата пари за да се најде ефикасно решение за овој проблем, бидејќи лицата со попреченост не можат да влезат на судење, односно можат да стигнат само до влезниот ходник на зградата. За жал, никој досега не покажува волја за решавање на овој проблем“, вели претставничката на Основниот суд во Крива Паланка која учествуваше во неодамнешната дискусија во рамки на отворените средби со граѓаните што ги остварува Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. На ова се надоврза и секретарот на Општина Крива Паланка додавајќи дека, ако граѓанин поднесе тужба против општината поради тоа што нема пристапни рампи, судот ќе донесе одлука во која ќе утврди дискриминација, а всушност граѓанинот ќе биде индиректно дискриминиран и во судот, бидејќи и таму нема пристапни рампи.

Од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потсетија дека, по службена должност, веќе имаат постапувано во однос на остварување на правото на глас на лицата со попреченост, како и тоа дека Комисијата и понатаму ќе делува, давајќи им препораки и насоки на институциите како да ги отстранат пречките за пристапност за лицата со попреченост.

„Во ваквите случаи, како овој во судот во Крива Паланка, ние како Комисија можеме да утврдиме индиректна дискриминација, но сепак понатаму институциите мора да креираат стратегија и да изнајдат ефикасни решенија за нејзино отстранување“, истакна членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Ирфан Деари. Тој потсети на постапката против Државната изборна комисија и Министерството за правда во која беше констатирана дискриминација кон лицата со попреченост за време на избори.

Имено, во 2022 година, Граѓанскиот суд во Скопје донесе првостепена пресуда, по тужба од јавен интерес, во која се утврдува дискриминација кон лицата со попреченост во пристап до и во избирачките места. Ова е првата судска постапка во која Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го употреби институтот „пријател на судот” (amicus curiae) и даде свој придонес во постапката. Судот ги задолжи Владата и Државната изборна комисија да преземат мерки за нејзино отстранување, со тоа што на лицата со попреченост ќе им обезбедат соодветна пристапност до и во избирачките места.

Од Комисијата потенцираат дека е исклучително важно институциите брзо и ефикасно да постапуваат по нивните препораки и да ги елиминираат причините кои доведуваат до дискриминација на граѓаните. Истовремено ги охрабруваат граѓаните да ги пријавуваат сите случаи во кои тие сметаат дека се дискриминирани.

КСЗД досега одржа три отворени средби, во Крива Паланка, Гостивар и Гевгелија, каде што се дискутираше за механизмите и начинот на постапување на Комисијата. При тоа беше истакнато дека најголем предизвик со кој се сочува ова тело е недовербата во институциите, како и непрепознавањето на различните облици на дискриминација. Со ова тврдење согласни се и претставниците на институциите на локално ниво и граѓанските организации, кои додаваат дека стравот од последици и тешкото докажување се исто така пречка за граѓаните да одлучат да пријавуваат дискриминација. Сепак, тие се охрабрени од начинот на кој пристапува Комисијата односно од фактот дека досега, на сите претставки е одговорено и постапено, што пак претставува силен поттик за граѓаните да продолжат да пријавуваат дискриминација, зголемувајќи ги на тој начин можностите таа брзо да се открие и спречи.

Претставниците на институциите и граѓанските организации се едногласни дека недостига координација помеѓу институциите, како и дека се неопходни повеќе обуки за лицата задолжени за комуникација со лицата со попреченост, но и зголемување на финансиските ресурси за отстранување на продолжената дискриминација кон нив.

Отворените средби ќе продолжат и во наредниот период во општините низ земјата, во насока на остварување

на напорите на Комисија за висока транспарентност и подигнување на свеста за дискриминација кај граѓаните. Овие средби се и можност да се изнајдат соодветни законски механизми за континуирана комуникација и соработка со институциите на локално ниво.

Во првата година од мандатот до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беа доставени 90 претставки, додека во 2022 година доставени се 248 претставки, од кои во повеќе од 70 е утврдена дискриминација и е постапено по нејзините препораки.

## Активности на ЕАСПД

# Личните буџети овозможуваат избор и контрола за лицата со попреченост

**На 13-ти септември, Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) беше домаќин на претставници од цела Европа за да се разговара за иднината на моделите за финансирање насочени кон корисникот. Оваа конференција, што всушност е завршен настан на проектот UNIC што е финансиран од ЕУ за лични буџети, имаше за цел да го искористи актуелниот момент за трансформирање на поддршката. Личните буџети се клучна алатка за да им се овозможи на лицата со попреченост да имаат избор и контрола врз нивната сопствена поддршка. Заедно, ЕАСПД и партнерите во UNIC проектот ги повикаа националните и европските носители на одлуки да продолжат со поддршката на развојот и зголемувањето на овие иновативни и ефективни пристапи.**

Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост повикува на промена на парадигмата во начинот на кој се организира грижата и поддршката, овозможувајќи им на лицата кои имаат потреба од поддршка да имаат избор и контрола врз нивниот живот и овозможувајќи целосна инклузија и учество на сите лица во општеството. Дополнително, Европскиот столб на социјални права и Европската стратегија за грижа повикуваат за достапни со цена сервисни служби за долгорочна грижа и поддршка со добар квалитет, а особено за сервисните служби во домот и тие во местото на живеење. Според тоа, потребно е да се развиваат и да се зголемуваат алатки за финансирање за да се поддржи оваа транзиција кон сервисни служби кои се квалитетни, насочени кон лицето, инклузивни и се во местото на живеење на лицата со попреченост.

Токму ова проектот UNIC, со поддршка од кофинансирање од Европската унија, имаше за цел да постигне поддршка на јавните власти да развијат, имплементираат и евалуираат иновативен и ефективен модел за финансирање. Овој нов пристап мора да ги оспособи лицата кои имаат потреба од долгорочна грижа и поддршка и да води кон поголема автономија во донесувањето одлуки, повеќе избор и контрола врз сопствениот живот, и активно учество во развивањето на сервисни служби. Со овој модел, јавните власти распределуваат одредена сума на пари директно до поединците кои имаат потреба од грижа и поддршка, како и советодавни мерки, овозможувајќи им активно да ги организираат сопствените сервисни служби за грижа и поддршка. Неколку земји и региони низ Европа го истражуваат овој модел, но потребна е поголема поддршка, во вид на финансирање и врсничко учење за да се помине и оди и после фазите на пилотирање.

Во текот на конференцијата, членот на Европскиот парламент Sirpa Pietikäinen го нагласи потенцијалот и важноста од личните буџети за долгорочна грижа и потврди дека Европскиот парламент ќе даде приоритет на



понатамошната поддршка за ваквите иновативни пристапи. Оваа важност беше потврдена од Претседателот на ЕАСПД, Jim Crowe, кој рече: „Веруваме во човековите права и автономија на лицата со попреченост, и дека заслужуваат да имаат глас, избор и контрола врз сопствениот живот и сервисните служби кои им даваат поддршка. Токму за тоа и се личните буџети.“

Renaud Scheuer, Шеф на одделот за знаење и иновации во ЕАСПД, додаде: „Знаеме дека, доколку се постават добро, личните буџети водат до позитивни резултати во животот на лицата со попреченост. Сепак, низ Европа, личните буџети и понатаму се „пилот тестови“ или „зачетоци“ наместо целосно развиени модели. Проектот UNIC им овозможува на властите средства да ја направат оваа транзиција“.

Со сведоштва од лица кои добиваат поддршка преку лични буџети, на конференцијата се разгледаа различните димензии во кои овој систем може да влијае врз нивниот квалитет на живеење. Учесниците, исто така, открија како јавните власти, обезбедувачите на сервисни служби и корисниците на сервисни служби можат да добијат поддршка за да ги имплементираат личните буџети благодарение на алатките што се развиени од страна на партнерите во UNIC проектот.

На конференцијата присуствуваа претставници од јавните власти од различни земји и региони, вклучувајќи од Фландрија (Белгија), Каталонија (Шпанија), Ирска, Чешка, и Велика Британија. Заеднички, тие дискутираа за предизвиците и можностите во зголемувањето на моделите за финансирање насочени кон корисникот во различни контексти. Учесниците се согласија дека е важно да се искористи актуелниот момент за личните буџети, вклучително и во поширок контекст на само-насочена поддршка. Како што се покажа и на последниот панел, постојат можности за финансирање, а Европската комисија, заедно со своите европски партнери, ќе продолжи да ја унапредува грижата насочена кон лицето.

# Конференција на ЕАСПД и УНИЦЕФ
# Интервенција во раното детство насочена кон семејството: како да профункционира
## Заклучоци и препораки

Интервенцијата во раното детство (ИРД) е круцијален елемент во обликувањето на детскиот развој, и бара промена кон пристап насочен кон семејството кој ги вклучува родителите и ги зајакнува мрежите за поддршка. Квалитетни сервисни служби за ИРД ја пружаат неопходната поддршка на лицата кои се грижат за децата, помагајќи им да ги зајакнат сопствените способности за справување и да го поддржат развојот на своето дете. Сервисните служби за ИРД, оттука, се особено витални и треба да се достапни во контекстите на предизвик од војна и раселување.

Сепак, пристапот до квалитетни сервисни служби за ИРД во многу земји и денес не е доволен, оставајќи многу ранливи деца да не бидат дел од сервисна служба и во ризик да не го развијат сопствениот потенцијал во целост. Со цел да се обрне внимание на ова, јавните власти мора да воспостават политики и системи за да се осигурат достапни со цена, пристапни и со висок квалитет сервисни служби за ИРД за сите семејства кои имаат потреба од тоа.

Европската унија има важна улога во унапредување на ИРД. Поточно, ЕУ може да го олесни преодот кон пристап насочен кон семејството, да го поддржи воспоставувањето на национални системи за ИРД преку можности за финансирање, техничка помош, собирање податоци, взаемно учење и поддршка за развивање на насоки кои ќе може да ги следат владите и практичарите.

Овој документ ги истакнува клучните пораки од конференцијата „Интервенција во раното детство насочена кон семејството: како да профункционира“ која се одржа во Тирана на 8-ми и 9-ти јуни 2023 година, а беше организирана од ЕАСПД, Даунов Синдром Албанија, УНИЦЕФ и Асоцијацијата Help the Life.

Конференцијата се фокусираше на интервенцијата во раното детство (ИРД), сервисните служби за семејствата со мали деца кои имаат потреба од посебна поддршка за да се подобри нивниот развој, најдобрите практики и чекори за градење на функционални системи за ИРД. Настанот ги истакна и резултатите од соработката на ЕАСПД и УНИЦЕФ во развивањето на итни акции за развојот во раното детство кои овозможуваат поддршка за малите деца во ризик од или со развојни потешкотии, а се погодени од војната во Украина. Конференцијата беше организирана во рамките на проектот „Итна поддршка за развојот во раното детство за Украинските бегалци“, имплементиран од ЕАСПД во партнерство со УНИЦЕФ и со поддршка од владата на САД.

**Целите на конференцијата беа:**

1. **Подигнување на јавната свест за бенефитите од ИРД насочена кон семејството, потенцирајќи ги добрите практики и научените лекции.**
2. **Дискусии за создавање на национални системи за ИРД и поттикнување на поголеми заложби за давање приоритет на ИРД во политиките низ цела Европа.**
3. **Споделување искуства за обезбедување на сервисни служби за ИРД и итна поддршка за развој во раното детство за малите деца и семејствата во Украина и соседните земји.**
4. **Дискусии за улогата на ЕУ во иновативна поддршка за децата и семејствата кон современи практики за ИРД и национални системи за ИРД.**

Врз основа на клучните говори, панел дискусиите и работилниците, се донесоа следните заклучоци.

**Раното детство претставува „критичен прозорец на можности“ за позитивно влијание врз развојот и добросостојбата на малите деца во ризик од или со доцнење во развојот и попреченост.**

- Раното детство претставува клучен спој за обликување на детскиот сеопфатен развој и воспоставување на цврста основа за нивната иднина. Позитивните искуства во раното детство се основата за оптимален развој на мозокот. Детскиот развој е под влијание на генетиката на детето, интеракцијата со неговата средина, и врските со примарните лица кои се грижат за нив.
- Проценките велат дека едно од шест деца има развојна попреченост. (Ова е податок од центарот за превенција и контрола на болести во САД). Повеќе деца може да се во зголемен ризик од доцнење во развојот и попреченост, особено семејства кои се социјално исклучени, оние кои живеат во сиромаштија, или деца си ограничен пристап до неопходни сервисни служби и квалитетно образование и грижа во раното детство. Кога мозокот на детето не успева да ги прими очекуваните и потребни стимулуси во текот на раните години, поправањето на последиците подоцна во животот бара значителен напор и постигнувањето на оптималните исходи станува многу потешко.

**Надоградувајќи се на можностите за обликување на архитектурата на мозокот кој се развива и важноста на врските, сервисните служби за интервенција во раното детство (ИРД) насочени кон семејството се многу ефективни во поддршката на детскиот развој и зајакнување на компетенциите и довербата на семејството.**

- Интервенцијата во раното детство насочена кон семејството е многу ефективен пристап кој се фокусира на силните страни и на детето и на семејството, и го унапредува оптималниот развој и инклузија на децата во општеството. Таа ја нагласува важноста од вклучување на родителите за подобрување на развојот на детето како дел од секојдневните рутини на семејството во природната средина на детето.
- Со прифаќање и градење на капацитетите на семејството



ИРД се стреми да ги задоволи потребите на детето додека ги зајакнува компетенциите на семејството и мрежите за поддршка. Промената кон пристап насочен кон семејството бара преод од медицински кон социјален модел, и лидерството и донесувањето одлуки да се споделува меѓу професионалците и семејствата.

**Сервисни служби засновани на докази и насочени кон семејството ќе бидат пристапни и расположливи за сите мали деца кои имаат потреба од нив и нивните семејства низ целиот регион.**

- Во многу земји сервисните служби за ИРД се обезбедуваат со медицински, терапевтски насочен пристап и честопати не се доволни за да ги задоволат потребите на децата и семејствата. Исто така, постојат значајни географски разлики во нивната достапност со празнини во руралните и изолирани области, и со тоа малцинствата и семејствата со ниски приходи се недоволно опслужени и недоволно застапени. Многу сервисни служби, исто така, не успеваат да ги опфатат децата под три годишна возраст кога потенцијалот за подобрување на развојот на детето е најголем поради висока пластичност на човечкиот мозок.
- Од суштинска важност е сите семејства со мали деца кои имаат потреба од дополнителна поддршка да бидат во можност да добијат пристап до сервисни служби за ИРД кои се достапни со цена, лесни да се стигне до нив, и да се фокусирани на потребите на целото семејство. Ваквите сервисни служби треба да бидат достапни во нивните места на живеење и пружани од тимови на професионалци кои соработуваат низ дисциплините и полињата на експертизи.

**Квалитетните сервисни служби за ИРД се холистички по природа, вклучувајќи ги когнитивните, социјалните, емоционалните и физичките аспекти на развојот, и се скроени да ги исполнат уникатните потреби на секое дете.**

- Квалитетните сервисни служби за ИРД се насочени кон семејството, индивидуализирани, градени на човекови права и на социјалниот модел на попреченост, и даваат поддршка на детето во контекстот на семејството.
- Квалитетните сервисни служби се базираат на рутини и можат ефективно да опфатат различни и сложени сценарија, вклучително и војна и хуманитарни кризи. Ефективноста на пристапот заснован на рутини се гради на три клучни принципи: признавајќи дека интервенцијата се случува помеѓу посетите на професионалците, овозможувајќи неопходна поддршка на лицата кои се грижат за детето, и давање приоритет на функционалниот развој на децата преку зголемен ангажман и значајно учество во секојдневните рутини на семејството, што на крајот го поттикнува нивниот целосен напредок и добросостојба.
- Технологијата може да ја подобри и да ја олесни поддршката за децата и семејствата, како и нивната инклузија, преку овозможување на начини за алтернативна и аугментативна комуникација, апликации за родителите, како и да понуди онлајн начини на поддршка.

**Подобрувањето на компетенциите на семејството, довербата и добросостојбата, заедно со инвестирање во професионална експертиза и добросостојба на практичарите на ИРД се суштински за ефективни и квалитетни сервисни служби за ИРД насочени кон семејството.**

- Добросостојбата на родителите и професионалците е суштинска за обезбедување на квалитетна поддршка на децата и нивните семејства. Лицата кои примарно се грижат за детето треба да добиваат емоционална, материјална и информациска поддршка, да бидат зајакнати да ги кодизајнираат сервисните служби и да бидат вклучени во сите фази на градењето на системот за ИРД.
- Професионалците се во ризик од искусување на висок степен на стрес и прегореност. Со цел ефективно да ги поддржуваат семејствата, професионалците треба да имаат добри услови за работа, соодветен надоместок, и потребни вештини и поддршка, вклучително и за сопствената добросостојба, за да можат ефективно да соработуваат со родителите и другите професионалци.

**Системско следење на развојот во раното детство, особено во рамките на рутинските здравствени сервиси за деца, е клучот за да се осигура рана идентификација на ризици, доцнења во развојот и попреченост.**

- Достапните сервисни служби за ИРД во многу земји не успеваат да ги опфатат децата под три годишна возраст кога потенцијалот за подобрување на развојот на детето е најголем поради високата пластичност на човечкиот мозок. Недостигот на системско следење на развојот на детето е голем фактор што придонесува за ова.
- Редовно следење на развојот на детето и скринингот можат да помогнат да се идентификуваат и да се овозможи рана поддршка на децата со доцнења во развојот и со попреченост. раната идентификација може да се организира на различни начини, при што рутинските примарино здравствени сервиси имаат уникатна и незаменлива улога. Здравствените професионалци треба да имаат знаење од развојот во раното детство, развојни потешкотии, и вештини за да се градат квалитетни врски со семејството.

**Земјите ќе градат системи на ИРД насочена кон семејството, засновани на човекови права и на социјалниот модел на попреченост и ќе обезбедат кохерентен и координиран пристап низ секторите и релевантните професионалци.**

- За да се обезбедат висококвалитетни сервисни служби за сите деца кои имаат потреба од тоа, неопходно е да се воспостават политики и системи што промовираат вистинска промена во парадигмата во интервенцијата во раното детство со кохерентен и координиран пристап низ секторите и професионалците од релевантни дисциплини.

- Секоја земја може да биде во различна фаза со уникатни влезни точки за реформа. Важен прв чекор е длабинска анализа на постојните законски рамки, практики, потреби и расположливи ресурси во однос на физички и човечки капацитети.
- Во секоја земја ќе се развие патоказ за градење на системот за ИРД, кој ги одразува предизвиците и можностите, националните вредности и култура, ресурсите, политичката реалност и економските услови. Патоказот ќе започне со концептуална рамка и национални стандарди за сервисни служби за ИРД, и ќе ја постави патеката за прогресивни напредоци.
- Напорите за градење на системот ќе ги дефинираат улогите и одговорностите низ клучните сектори (здравство, образование, социјална заштита), критериуми за подобност и стандарди за квалитет на сервисните служби, одржливо финансирање, континуирана обука и супервизија за професионалците, и механизми за одговорност засновани на ефективни системи за собирање податоци и менаџмент.

**Сервисните служби за интервенција во раното детство треба да имаат приоритет во хуманитарниот одговор за ситуацијата на децата и семејствата погодени од војната во Украина.**

- Војна и раселување, како оние кои влијаат врз милиони семејства и деца од Украина, прават дополнителни ризици за здрав развој на детето, а уште повеќе за децата кои веќе имаат попреченост или доцнење во развојот. Во овој контекст, квалитетните сервисни служби за ИРД пружаат неопходна поддршка за родителите за да се зајакнат нивните капацитети за справување, намалување на стресот и поддршка за развојот на нивното дете.
- Недостигот од инфраструктура и персонал, како и моменталните вооружени напади претставуваат сериозни предизвици за да се обезбеди пристап до квалитетни сервисни служби за ИРД во Украина. Квалификуван и посветен персонал, како и други модалитети на пружање сервисни служби овозможуваат континуитет во поддршката на семејствата, но потребна е и одржлива политичка заложба за да се прошират сервисните служби за ИРД во земјата. Градењето на транснационални мрежи од професионалци во областа на ИРД би ја олеснила поддршката на семејствата, и би зајакнале капацитетите за квалитетни сервисни служби за ИРД низ Европа.
- Во контекст на раселувањето, дополнителни предизвици можат да се наметнат од бариери во јазикот и од ограничената достапност на сервисни служби за ИРД во земјите домаќини. Поддршката за малите деца со доцнење во развојот и со попреченост треба да биде приоритет во хуманитарниот одговор низ Европа. Распределбата на дополнителни ресурси, обука на професионалци и ангажирање на квалификувани човечки ресурси од Украинската заедница, како и зголемен фокус на реформите за зајакнување на националните системи за ИРД, се потребни елементи за да се осигура квалитетот и отпорноста на достапната поддршка за семејствата со мали деца со доцнење во развојот и со попреченост.



**Европската унија треба да го преземе водството во поддршката на градењето на системот за ИРД во земјите членки, но и во земјите кандидатки за влез во Европската заедница.**

- ЕУ има значајно влијание врз развојот на политиките и моделирањето на добрите практики за интервенцијата во раното детство (ИРД) и суштинска улога во обликувањето и зајакнувањето на политиките и сервисните служби за ИРД преку своите финансиски инструменти. За да се максимизира влијанието, земјите членки треба проактивно да се поврзат и да дефинираат политики поврзани со ИРД во согласност со пошироките агенди како што се деинституционализација, самостојно живеење, и образование и грижа во раното детство.
- Финансиските инструменти на ЕУ, вклучително и Европски социјален фонд плус и инструментот за техничка поддршка, веќе го поддржуваат обликувањето и зајакнувањето на политиките и сервисните служби за ИРД; земјите членки треба проактивно да ги користат овие можности за да го унапредуваат обезбедувањето на квалитетни сервисни служби за ИРД.
- ЕУ Гаранцијата за детето е голема можност за развој на истражувања, сервисни служби и системи за ИРД, како што е покажано во пилот фазата во Хрватска и Бугарија, во соработка со УНИЦЕФ.
- Други области каде ЕУ може да има клучна улога се собирање податоци за политики и практики за ИРД, взаемно учење на добри практики и методологии и развивање на овие можности, и развивање на ЕУ насоки кои ќе го водат креирањето на сервисни служби и национални системи за ИРД.
- ИРД придонесува за успешна инклузија и учество на децата во образованието и грижата во раното детство. Додека образованието и грижата во раното детство е цврсто присутна во агендата и дискурсот на ЕУ, поврзаноста со ИРД треба дополнително да се опфаќа. Овие две треба да се сметаат за продолжение на сервисните служби кои ја поддржуваат инклузијата на децата кои се во ризик или имаат доцнење во развојот и попреченост.
- Улогата на ИРД треба и понатаму да се истакнува како клучен елемент за унапредување на здравиот развој, превенција од институционализација на деца, олеснување на учеството во образованието и грижата во раното детство, образование и оспособување децата да го постигнат својот целосен потенцијал подоцна во животот. Европската унија има потенцијал да го забрза преодот кон ИРД насочена кон семејството и кон креирањето на национални системи за ИРД и да понуди можности за финансирање.

# Нов секторски комитет на ЕУ за социјален дијалог за социјални сервисни служби

**На 10-ти јуни Европската комисија, за прв пат по повеќе од една деценија, воспостави нов ЕУ секторски комитет за социјален дијалог: Комитет за социјален дијалог за социјални сервисни служби. Оваа објава го следи усвојувањето на препораката на Советот за зајакнување на социјалниот дијалог во Европската Унија. Овој нов комитет ќе овозможи формален простор за главните ЕУ социјални партнери во секторот – Федерацијата на европски социјални работодавачи, Европската федерација на синдикати на јавни сервисни служби (ЕПСУ) и други – да дискутираат и преговараат за крос-европски решенија околу предизвиците и можностите на секторот.**



Секторот за социјални сервисни служби вработува над 9 милиони работници низ цела ЕУ што претставува скоро 5% од вкупната работна сила во ЕУ. Овој сектор е еден од најбрзо растечките сектори во ЕУ. Бројот на вработени во секторот се зголеми за 15,5% за десет години, што е двојно повеќе од просечната стапка на целата работна сила во ЕУ. Сепак, секторот се соочува и со големи предизвици, особено во однос на сè поголемиот недостиг на персонал, и во исто време, зголемените потреби за нега на старите лица.

Во својата Стратегија за грижа на ЕУ за 2022 година, Комисијата ги повикува земјите членки да инвестираат во работната сила на социјалните сервисни служби и да промовираат колективно договарање за да ја подобрат атрактивноста на секторот и да се справат со недостигот на персонал.

ЕПСУ и социјалните работодавачи повеќе од десет години заеднички работеа за да го зајакнат капацитетот на националните социјални партнери во социјалните сервисни служби и да го градат социјалниот дијалог, како на ниво на ЕУ така и на национално ниво во рамките на проектите финансирани од ЕУ.

Официјалното барање за нов Комитет беше поднесено од ЕПСУ и социјалните работодавачи во јуни 2021 година, а подоцна кон ова барање се приклучи и Советот на Европски општини и региони.

Реагирајќи на одговорот на Европската комисија со воспоставување на овој нов Комитет, Генералниот секретар на ЕПСУ, Jan Willem Goudriaan, изјави: „Секторот за социјални сервисни служби долго време се карактеризира со ниски плати, тешки работни услови, несигурно вработување и лоши, штетни родови стереотипи. Нашироко е признаено дека едно од најважните решенија за ова е социјален дијалог и колективно договарање. За тоа, очекуваме Комисијата да ги распредели неопходните ресурси, вклучувајќи и политичка заложба и практична поддршка. Очекуваме амбициозен и конструктивен дијалог со нашите социјални партнери, и да се дојде до промените кои се потребни.“

Gregor Tomschizek, Претседател на Социјалните работодавачи рече: „Иако се соочуваме со сè поголема побарувачка за социјални сервисни служби, постојат значаен недостиг од персонал во секторот, во моментов. За да се привлечат и да се задржат вешти и обучени работници, треба да ги унапредуваме обуките и вештините, да ги подобруваме работните услови и овие работни места да ги правиме попривлечни. Социјалниот дијалог е неопходен во овој процес. Социјалните работодавачи очекуваат позитивна и плодна соработка, како социјални партнери во секторскиот комитет за социјален дијалог за социјални сервисни служби.“

Приоритетите во предлог програмата на новиот комитет ги вклучуваат работните услови, развивање/ еволуција на работните места, вештини и атрактивност со цел да се обезбедат пристапни, достапни со цена и со висок квалитет социјални сервисни служби. Ќе се овозможи градење на капацитетот на социјалните сервисни служби, да бидат повидливи и подобро да придонесуваат во јавните социјални политики.

Со ова се одбележува и 15 годишната активна работа на Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за воспоставување на една ваква структура и можности за социјалните сервисни служби да бидат претставени во рамките на Европскиот социјален дијалог – вклучително и оние од социјалната економија.

За Jim Crowe, Претседател на ЕАСПД, „оваа објава го одбележува завршетокот на 15-годишната кампања водена од ЕАСПД и други за да се осигура посилен глас за социјалните сервисни служби на ниво на ЕУ преку формални структури за социјален дијалог. ЕАСПД силно ја поздравува оваа одлука на Европската комисија, како и водството покажано од Европскиот комесар за работни места и социјални права, Nicholas Schmit. Ова е голем чекор напред за секторот на европско ниво, како и на национално и локално ниво.“

Работејќи долги години на кампањата, Thomas Bignal, шефот за политики во ЕАСПД, додаде дека: „создавањето на секторски комитет на ЕУ за социјален дијалог за социјалните сервисни служби е успешен завршеток на кампањата на ЕАСПД, но тоа е само почеток на воспоставување конкретни решенија за работните потешкотии во секторот на ниво на ЕУ. Го повикуваме новоформираниот комитет, пред сè, да се фокусира на можноста да привлече, регрутира и да задржи квалификуван персонал низ цела Европа. Ова е суштински чекор за да може да се постигнат амбициите на секторот за обезбедување на квалитетна поддршка насочена кон лицето и овозможена во заедницата на сите оние на кои им е потребна.“

# Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Активностите на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш изминатиот период се реализираа согласно предвидената програма за работа. Покрај редовните активности, се спроведоа и низа активности и работилници кои произлегуваат од воспоставената соработка на дневниот центар со останати чинители.

Во рамки на проектот „Интеркултурно учење на сите“ кој РЦПЛИП - ПОРАКА го спроведува заедно со партнерските организации „На пола пат“ и СУМЕРО во изминатиот период од страна на сите дневни центри на РЦПЛИП - ПОРАКА заеднички се спроведоа и останатите теми од овој проект. Во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш се одржаа работилници на темите: култура, религија и обичаи, народни носии и народни ора. Во текот на овие работилници корисниците се запознаа со овие поими, разговараа за тоа што сè се подразбира под култура на еден народ. Се говореше за различните видови на религии, празниците и како тие се прославуваат во различните религии, а исто така се разговараше и за народните ора и носии на трите земји (Македонија, Србија и Босна и Херцеговина). Исто така се реализираа и работилниците од темата ненасилна комуникација. Се реализираа работилници за комуникација, при што корисниците се запознаа со различните видови на комуникација и нивните елементи. Потоа се разговараше и за емоциите и нивно препознавање, како справување со различните видови на емоции, а воедно, корисниците имаа можност и да вежбаат за јавен настап.

Кон крајот на месец јуни заедно со волонтерите од ОО на Црвен крст во Радовиш и кандидати од програмата за лични асистенти преку Црвениот крст, корисниците имаа можност да реализираат спортско-рекреативни активности во природа и да го почувствуваат натпреварувачкиот дух.

Изминатиот период продолжија да се спроведуваат и работилниците и вежбите за драмата „Малата сирена“ заедно со учениците од СОУ „Коста Сусинов“. Во текот на овие работилници, дел од корисниците на дневниот центар го учеа текстот за претставата, но и започнаа со работа на сценските движења и кореографија. На почетокот на септември, во соработка со родителите на корисниците на дневниот центар, се реализираше практична активност во која корисниците учеа како се сукаат кори (јуфки).

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип

Дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип редовно ги реализира своите предвидени активности. Дел од нив се и работилниците во рамките на проектот „Интеркултурно учење за сите“. Во рамки на работилниците за култура, традиција и обичаи корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип беа во посета на Кадин Ана Џамија и црквата Свети Никола и директно слушнаа од свештените лица за традициите и обичаите во православната и исламската вероисповед. Во рамките на работилниците за ненасилна комуникација, и тие како и останатите корисници од другите дневни центри ги обработија темите за комуникација, емоции и нивно препознавање, и вежбаа јавен настап.

Во средината на месец јуни, корисниците ја посетија фабриката за производство на амбалажа – пластични шишиња „Варади ДОО“ – Штип. Тие имаа можност во самиот производен погон на фабриката да го видат и да слушнат за процесот на производство на пластичната амбалажа. По повод светскиот ден на музиката на 21.06.2023 година корисниците присуствуваа на целовечерниот концерт на Градскиот хор – Штип.

Изминатиов период продолжи и соработката со фитнес инструкторот од b.fit во Штип. Корисниците на дневниот центар ја посетија фитнес теретаната City Gym во Штип каде со поддршка на тренер од оваа теретана, а во присуство и на фитнес инструктор од b.fit тие имаа можност да ги разгледаат и да се запознаат со справите за вежбање, но и да искусат малку поинаков тренинг. Исто така, на почетокот на септември месец, во дворот на дневниот центар, b.fit организираше и спроведе фитнес тренинг со корисниците.

Непречено тече и соработката со ООУ „Гоце Делчев“. На покана на директорот на ова училиште, на 30.08.2023 година корисниците учествуваа во уредувањето





## Активности на социјалните сервиси и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

на училишниот хол за прием на првачињата и сите останати ученици. На почетокот на септември, во посета на дневниот центар беше Цветанка Панова која се занимава со изработка на слатки и кондиторски производи, па пријатно ги изненади корисниците со дел од нејзиниот асортиман на слатки. На 06.09.2023 година, дел од членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип присуствуваа на настанот организиран од општина Штип „Македонијо во срце те носиме."

### Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје

Изминатиов период активностите во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје се реализираа согласно предвидените програмски активности. Во рамки на проектот „Интеркултурно учење за сите", беа реализирани повеќе работилници кои произлегоа од соработката на РЦПЛИП – ПОРАКА, организацијата „На пола пат" од Србија и „СУМЕРО" од Босна и Херцеговина. Во месец јуни и во двата дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје се реализираа работилници на темите за култура, религија, обичаи, традиција и народни ора и носии, а се изработија и разгледници со мотиви и природни убавини од трите земји. Во јули беше реализиран серијалот работилници на темата за ненасилна комуникација. Како дел од работилниците од проектот, на крајот од август и почетокот на септември, во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Аеродром заедно со корисниците и персоналот беа реализирани работилници за подготовка на оброк по дадени чекори каде се подготвуваа традиционални македонски јадења според лесно дадени упатства. Продолжија и работилниците во соработка со „Театар Пи", на кои се работи на новиот мултимедијален проект работен според романот „Ние, врапчињата" од писателот Јордан Радичков.

Во соработка со организацијата „Зелената Арка" од месец септември корисниците на дневните центри се дел и директни учесници во проектот „Развој на прва урбана градина во Град Скопје". Преку обработка на земјата дадена е можност, дел од јавната површина да се претвори во градина, корисниците да научат како се градинари и компостира, како се садат градинарски култури и произведува здрава храна. Целта за заедничкото градинарење е самите учесници преку практична обука од страна на стручен кадар од оваа област, споделувајќи искуства и одговорности меѓу себе, да се подигнат на повисоко ниво знаењата и вештините на корисниците, да се влијае на нивната социјализација преку размена на информации, дружење и зближување, развивање на чувство на припадност и зголемување на самодовербата. Во месец септември два пати во неделата се организираше градинарење во „Бостание" со корисниците од двата дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје. Во леата беше искорнат плевелот и извадени корењата, раскопана и израмнета земјата, очистени и разубавени патеките околу леата, се посеа првиот расад со марули и спанаќ, а беше направен и прв обид за сеење на магдонос и рукола во самата леа. Хортикултурната терапија навистина би можела да биде една оддишка од секојдневната градска бркотница.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Покрај редовните активности кои се реализираат во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп, изминатиов период се одржа серијал од работилници на темите за култура, традиција, обичаи и за ненасилна комуникација. Во спроведување на истите беа вклучени ученици од СОУ „Ѓорче Петров" – Прилеп и здружението за хуманитарна и социјална акција „Преродба", кое се посети со цел корисниците директно да го видат и почувствуваат духот на македонската традиција кој го негува ова здружение со години наназад.

Од месец јули во дневниот центар започна да се реализира нова практика, т.е., секој петок корисниците со помош одржуваат хигиена на дневниот центар, тоалетот и рачно да си ги перат своите крпи. Оваа активност ги исполни очекуваните резултати и истата ќе продолжи да се практикува и во иднина. Изминатиов период се реализираше едукативна посета на градскиот базен „Маркови Кули". За време на активноста корисниците имаа можност да стекнуваат основни знаења за одредување локација, безбедно движење на места каде нема означено пешачка патека и безбедно и културно однесување на базен. Уште една интересна активност за корисниците беше и стекнувањето на вештини за користење на вендинг апаратите. Поточно, тие имаа можност да се обидат да ги користат вендинг апаратите за кафе. Истовремено, со оваа активност имаа можност и да прошетаат во блиската околина, но и да ги практикуваат вештините за ориентација во простор и движењето низ градот.





## Активности на социјалните сервиси и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица

Социјалниот клуб на РЦПЛИЛ - ПОРАКА во Струмица и во изминатиот период активно ги спроведуваше сите планирани когнитивни, практични и социјални активности, паралелно пропратени и со креативни работилници кои корисниците ги спроведуваат со голем интерес. Во јули корисниците спроведуваа практични и социјални вештини од доменот на пазарење на продукти од пазар и од маркет, повторување и усовршување на веќе постоечките вештини за манипулација со книжни банкноти и железни монети, при наплата на каса во маркет или на пазар. Се реализираа активности за редовно одржување на личната хигиена во лето, облека соодветна за во лето и каква храна и пијалаци треба да се подготвуваат и консумираат во летниот период. На 02.07.2023 година корисниците заедно со родителите и волонтерите реализираа еднодневна посета на манастирот „Св.Георги“ во с.Ораовица во Радовиш.

Во август се продолжи со реализација на летните активности и креативни работилници, а се реализираа и неколку активности планирани во новиот проект „Пријателски места на попреченоста во заедницата“ финансиски подржан од Општина Струмица.

И во септември се спроведуваа тековните планирани активности за развој на когнитивни, практични и социјални вештини од областа на стекнување и развивање на постоечките умееења, знаења и вештини за активности во кујна: подготовка на полесни оброци, десерти, салати, пијалаци, потребни продукти за готвење, потребен прибор за готвење, пребарување на рецепти од списанија, гледање на едукативни видеа од компјутерите и други активности пропратени со креативни работилници. На 17.09.2023 година корисниците на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица заедно со своите родители и волонтери реализираа еднодневна екскурзија до манастирот „Марков манастир“ во с.Маркова Сушица во Скопје. Двете еднодневни екскурзии кои беа реализирани во летниот период беа финансиски покриени од Градоначалникот на Општина Струмица, Костадин Костадинов, од донираните парични средства по повод дочекот на Нова година на корисниците на клубот, како и од финансиски донации од спонзорот Месната кланица „Василеви“ од с.Ангелци.





### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница

Активностите на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница редовно се спроведуваа според предвидената програма за работа. Покрај активностите за стекнување на когнитивни, социјални и практични вештини, се реализираа и неколку креативни работилници на тема лето. Овие работилници, воедно, претставуваа можност корисниците да стекнат знаења и за начините на исхрана и облекување во текот на летниот период. Се организираа и друштвени игри преку кои корисниците стекнуваа вештини за тимска работа и создавање на посилни врски помеѓу корисниците. Составен дел од активностите се и средби со родителите на корисниците и нивно вклучување во активностите на социјалниот клуб.

Во јуни се реализираше посета на социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА во Македонска Каменица. Корисниците на двата социјални клуба креираа и твореа во текот на заедничка работилница, но го искористија и убавото време за прошетка ни Македонска Каменица и околината.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија

Непречено се реализираа програмските активности и во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија. Во месец јуни во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија беа реализирани низа активности, а дел од активностите се реализираа во природа и со подолг временски период. Активностите започнаа со одбележување на јубилејот на РЦПЛИП - ПОРАКА, па за таа цел корисниците на социјалниот клуб изработија постер, се зборуваше што значи јубилеј, колку години постои и како може да се одбележи.

Беа реализирани и креативни и практични активности, т.е., боење на гипсени фигури со пролетни мотиви, и се подготвуваше кафе и чај. Корисниците на социјалниот клуб беа поканети и учествуваа на еднодневна дружба со планинарското друштво „Кожуф“ и фондацијата „Ице Бегов“ во планинарскиот дом на планината Кожуф кој се наоѓа во месноста на старо Коњско. Корисниците на социјалниот клуб успешно ја изодеа 7 километарската патека, а при пристигнувањето до целта на сите им беа доделени медали, по што следуваше ручек подготвен таму. Еднаш во месецот се реализираат друштвени игри, во кои сите корисници земаат учество. Ваквите активности ги релаксираат корисниците, ги тераат да соработуваат и совладуваат нови вештини. Исто така, се реализираше и



посета на Негорски Бањи, место кое изобилува со зеленило и терени за спортски активности, а секако тука се и термалните води. Првично се зборуваше што се тоа термални води, зошто служат, потоа се играа различни спортски игри.

Во месец август активностите започнаа со прослава на роденден на еден од корисниците. Целта на оваа активност, меѓу другото, беше да се разговара и да се покаже како корисниците можат да се вклучат и да помогнат во организирање на семејните прослави во своите домови. Исто така се спроведоа и неколку креативни работилници, на кои покрај развивањето на креативните способности, корисниците имаа можност да ја унапредуваат и својата фина моторика. Убавото време се искористи и за прошетка до блискиот парк, а прошетката се искористи да се разговара за природните процеси и промените во природата, но и за забава преку друштвените игри во кои учат да почитуваат ред и контрола на трпението.

## Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола

Активностите во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола редовно се спроведуваат согласно предвидената програма за работа. Покрај активностите во кои корисниците се стекнуваат со когнитивни, социјални и практични вештини, се реализираа и креативни работилници, на кои корисниците изработуваа разни ракотворби од глина, изработуваа накит, како и салфети во декупаж техника. Во дворот на социјалниот клуб редовно се реализираат и спортско рекреативни активности. Се реализираше и посета на Музејот во Битола, каде корисниците имаа можност да се запознаат со историјата и богатото културно наследство на нашата земја. Оваа активност продолжи и со лесна прошетка до Зоолошката градина во Битола. Корисниците на социјалниот клуб имаа можност да се развеселат и да поминат убава и релаксирана вечер на концертот на познатиот пејач Ацо Пејовиќ.

Во текот на јули се спроведе дводневна посета на манастирот Св.Петар и Павле кој се наоѓа високо во шумите на планината Бигла, над с.Смилево. Оваа посета беше интересно доживување за корисниците, исполнето со низа активности. Се наводнуваа цвеќињата и тревата во дворот на манастирот, се правеа прошетки во околината и се собираше планински чај. Беше организирана и креативна работилница на која се твореше на теми инспирирани од манастирот. Не се заборавија ниту практичните вештини за одржување на хигиената, па така корисниците ги исчистија собите во кои престојуваа, како пред така и по заминувањето. Исто така, се посети и Музејот на илинденците, споменикот и куќата на Даме Груев во Смилево.



## ЦПЛИП – ПОРАКА Велес

Изминатиов период членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Велес одржаа низа работилници со членовите на МДПС „Премиера“ - Велес кои се на возраст од 11 до 18 години. На работилниците членовите на младинското драмско студио се запознаа со различните видови на попречености и нивните карактеристики. Се запознаа со начинот на однесување, начинот на живот и вклучувањето во општествената заедница на овие лица. Посебен осврт беше даден на видовите на насилство со кои овие лица секојдневно се соочуваат, како ги доживуваат и како сето тоа влијае на нивниот социоемоционален развој и квалитетот на живот.

Како финален производ од работилниците беше создавањето на сценарио за претстава во која ќе бидат опфатени сите попречености и видовите на насилство (булинг) кои секојдневно се случуваат во училишните клупи. Сценариото е со потпис на проф. Анита Станинова - Мирчева, а актери во претставата се членовите на Младинското драмско студио „Премиера“ – Велес. На карактеристиките и градењето на ликовите со попреченост со членовите интензивно работеше специјален едукатор и рехабилитатор, Весна Басаров, претседател на ЦПЛИП - ПОРАКА Велес.

Претставата со наслов „Тивки жртви“, премиерно беше изведена на 07.06.2023г. на малата сцена во велешкиот театар НУЦК „Ј.Х.К. Џинот“. На огромно задоволство на сите вклучени, претставата наиде на многу позитивни критики. Токму поради тоа, на иницијатива на Градоначалникот на Општина Велес, а со поддршка на Ротари и Лајонс клубовите од Велес, претставата повторно ќе биде на репертоарот на НУЦК „Ј.Х.К. Џинот“- Велес во втората половина на октомври и ќе биде задолжителна за сите ученици од 5 до 9 одделение од основните училишта од Општина Велес.



ПОРАКА

# Наша Страница

## Заклучоци од работилници за ненасилна комуникација во рамки на проектот „Интеркултурно учење за сите“

Во рамките на проектот „Интеркултурно учење за сите“, меѓу останатите активности, во изминатиот период се реализираа и работилници на тема ненасилна комуникација со лицата со интелектуална попреченост. Реализирајќи ги работилниците во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА, корисниците се стекнаа со нови знаења, а од нив произлегоа и неколку интересни заклучоци.













ISSN 0350-5863